**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1543/2**

**З А П И С Н И К**

**Од 81-ва седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 13.03.2019 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство, Виолета Димевска-раководител на одделението за планирање и реализација на буџети и Никола Ѓорчев-член на Надзорниот одбор на МРТ. |

Седницата започна во 12:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните и предллоજи дополнување на истиот со нова точка.
Програмскиот совет го разгледа дополнетиот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневен ред со дополнувањето:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на записникот од 80-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018 г.

3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година.

4. Нацрт ревизорски извештај од независен овластен ревизор БДО Скопје.

5. Разгледување и усвојување на Одлука за покривање на загуба по Годишна сметка за 2018 година.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 80-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 80-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 80-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 80-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018г.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018 година.
Претставникот на надзорниот одбор на МРТ објасни пред присутните дека Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018 година без забелешки.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2018-31.12.2018 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година.
Потоа свое излагање имаше претставникот на Надзорнот одбор на МРТ Никола Ѓорчев со констатација дека Надзорниот одбор на своја седница го разгледа годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2018 година, без поголеми забелешки.
Снежана Клинчарова со забелешка дека за првпат во мандатот на овој состав на советот имаме Извештај каде што е израено негативно работење, како во годишниот така и во кварталниот извештај кој беше разгледан во предходната точка,кое најверојатно се должи пред се на промената на финансирањето на куќата.
Претседателката на совето со прашање дали се почитува Заклучокот од Надзорниот добро со кој се предвидување 1/3 од средствата добиени дополнителниот буџет од Министерството за финансии, да се искористат за подмирување на стари долгови.
Горан Атнасов одговори дека старите долгови се подмируваат согласно договореното,какао и спогодбите што МРТ ги има потпишано за подмирување на долгови на рати.

По расправата Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година беше ставен на гласање.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Нацрт ревизорски извештај од независен овластен ревизор БДО Скопје.**
Воведно излагање по Нацрт ревизорскиот извештај даде Сузана Николовска од одделението за мсетководство во МРТ која истакна дека овој документ е само нацрт и дека конечен документ ќе биде доставен на наредна седница на советот.
Претставникот на Надзорниот одбор истакна дека тие предходно го разгледале на своја седница Извештајот на независниот ревизор, и дека истиот го оцениле како добар и дека по дале две мислења по однос на земјиштето на МРТ и неговото впишување,како и по имотот на куќата кој не е целосно регулиран.
Претседателката на советот предложи доколку е можно да бидат добиени и независните ревизорски извештаи кои беа работени предходно од УСАИД,како советот би ги разгледал и нив на своја седница.
По завршување на распрвата се констатира дека Програмскиот совет го разгледа Нацрт ревизорски извештај од независен овластен ревизор БДО Скопје**.**

ТОЧКА 5:**Разгледување и усвојување на Одлука за покривање на загуба по Годишна сметка за 2018 година**.
Воведно излагање по оваа точка имаше Сузана Николовска раководител на одделението за сметководство во МРТ со детално објаснување за значењето на Одлуката која треба да се донесе и дека истата претставува законска обврска и дека генерално загубата е создадена од каматите кои МРТ ги исплаќање по кредитите кои беа сервсирани во 2018 година, како и друг дел по однос на исплаќањето на данокот на добивка кон УЈП.
По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саракањац ја стави на гласање Одлуката за покривање на загуба по годишна сметка за 2018 година.

Врз основа на член 484 од Законот за трговски друштва (Служben весник. на Р.М.бр.28/04,...138/14),а во врска со член 124 став 1 алиена 7 од Законот за аудио аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМбр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18 и 248/18) и член 43 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈРП МРТ,Програмскиот совет на МРТ на 81-ва седница оджана на ден 13.03.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за покривање на загубата по**
**Годишна сметка за 2018 година**

При составување на годишната сметка за 2018 година остварени се следниве резултати:

- *Приходи од работењето........................... 949.925.484,00 денари*
- *Расходи од работењето............................ 971.025.078,00 денари*
- *Загуба пред оданочување......................... 21.099.594,00 денари*
- *Износ на непризнати расходи ................... 70.424.258,00 денари*
- *Даночна основица од Даночен биланс....... 49.223.000,00 денари*
- *Данок на непризнати расходи .................... 4.922.300,00 денари*

**1.** Загубата по оданочување од 2018 година во износ од **26.021.894,00** денари, да се покрие од акумулираната добивка.

**2.** Се задолжува Секторот за финансиско работење да ја спроведе оваа Одлука.

**3.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Согласно член 484 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Р.М. 28/04...138/14), надлежниот орган на Трговското друштво одлучува за распоредување на добивката , поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Примерок од оваа Одлука да се достави до:
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за правни работи и човечки ресурси ;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Одделение за стручна и техничка подршка на ПС и НО;
- Архивата на МРТ.

■**Одлуката за покривање на загуба по годишна сметка за 2018 година** беше ставена на гласање:

● ЗА гласаа: **12** членови,
● ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
● ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за покривање на загуба по годишна сметка за 2018 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разно.**
Претседателката на советот достави и прочита пред прсутните пристигнато Барање до советот од Димча Петковски управител на АРГУС дооел со бр.03-1065/1 од 14.02.2019 година, во кое се бара поради негова заверена неотповиклива оставка од местото управител на АРГУС дооел да се спроведе постпка за бришење од Централниот регистар на РМ.

По оваа точка од дневниот ред беа предложен беше Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ го разгледа доставеното Барање од **Димча Петковски** управител на АРГУС дооел со бр.03-1065/1 од 14.02.2019 година, и донесе Заклучок со кој се побара правно мислење и насоки од Секторот за правни работи во МРТ за понатамошно постапување по барањето.
Правното мислење да биде доставено во рок од 10 дена од приемот на овој Заклучок.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател